Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

**Скопје, 01.02.2021 година**

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## за важност на извештај од лекар специјалист/субспецијалист, отпусно писмо и конзилијарно мислење

Од страна на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување, за време на изречената мерка за спречување на ширењето и сузбивање на заразата од Covid–19 (Коронавирус), се донесени одредени мерки и активности во делот на работењето на здравствените установи кои имаат склучено договор со Фондот.

Овие мерки и активности го опфаќаат спроведувањето на првото на осигурените лица на основни здравствени услуги согласно Законот за здравствено осигурување, што зависи од редовното работење на здравствените установи од: примарната, специјалистичко-консултативната и болничката здравствена заштита.

Во услови на постоење на зараза од Covid–19 (Коронавирус), здравствениот систем не функционира на редовен начин и со полн капацитет, поради што осигурените лица не можат секогаш да дојдат до потребен слободен термин за извршување на потребната здравствена услуга, преку електронскиот систем.

Поради ова, при остварување на следните права: **продолжување на хронична терапија** и издавање на ортопедски помагала, како дополнителна мерка од страна на Фондот се превзема продолжување на рокот на важноста на последно издадените: извештаи од лекар специјалист/субспецијалист, отпусни писма и конзилијарни мислења, што ќе се врши на следниот начин:

- ✓ Од 01.02.2021 година со важност ќе бидат специјалистичките извештаи/отпусни писма/конзилијарни мислења со датум не постар од 01.12.2019 година.Тоа значи дека осигурениците за да ги остварат горенаведените права ќе биде потребно да ги обноват соодветните специјалистичките извештаи/конзилијарни мислења. За отпусното писмо постаро од 01.12.2019 година ќе биде потребно да се достави соодветен специјалистичките извештај/конзилијарно мислење за остварување на горенаведените права.
- ✓ Од 01.03.2021 година со важност ќе бидат специјалистичките извештаи/отпусни писма/конзилијарни мислења не постари од 1 година.

Извештаите од лекар специјалист/субспецијалист и конзилијарните мислења, може да се обезбедат и по извршена е-консултација преку е-амбуланта во системот на Мој термин.


Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk